



# БЕЌАРОВСКИ







# НАСО БЕЌАРОВСКИ

скулптури

Тел. Раб. 50-300
Дом. 62-874

30. X—15. XI 1974
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА—СКОПЈЕ

Издавач: Уметничка галерија — Скопје
Превод: Тања Мојсова
Фотографии: Стојан Петровиќ — Раф

Печат: Графички Завод „Гоце Делчев“ — Скопје
Тираж: 300

Скулпторот НАСО БЕЌАРОВСКИ не е ново име, бидејќи повеќе од една деценија е активно присутен во нашиот ликовен живот. Тој учествува на многубројни изложби на ДЛУМ, со разни групи и самостојно. Досегашните настапи потврдија дека овој талентиран уметник внимателно ги следи современите движења во уметноста, истражува и реализирајќи ги усвоените сознанија, постојано бележи нагорен развој.

Во неговото творештво јасно се видливи две фази. Првата, фигуративна, што почнува по излегувањето од Академијата и што трае до 1967 и втората, нефигуративна оттогаш наваму, до денес. Изложените творби се од оваа втора фаза.

Во првата фаза БЕЌАРОВСКИ изработува глави, фигури, фигурални групи во глина, односно во гипс. Формите и движењата се широки, топли, доста упростени, силно деформирани во пропорциите и обработката на површините со јаки текстури или со нагли и длабоки зарези. За ваквиот третман секако влијаел употребуваниот материјал, но повеќе од материјалот влијаела пораката што БЕЌАРОВСКИ сакал да ја искаже. А неговата порака е чемерот, грчот, драмата и трагиката што тој ја носи од својата детска Егеја. Длабоко впиени во него, овие содржини избиваат низ секој негов допир со глината, низ секој потез, форма, движење, низ секоја негова визија. Тие се тој самиот. Но НАСО БЕЌАРОВСКИ како да не е доволен со себеси, со она што го кажува низ овие творби. Се чини дека не

Le sculpteur NASO BEKIAROVSKI n'est pas un nom nouveau parce qu'il est plus d'une décénie activement présent dans la vie de nos beaux arts. Il prend part a plusieurs expositions du DLUM, en divers groupes ou bien tout seul. Par les expositions aux quelles il a pris part on peut voir que cet artiste de talent suit attentivement les mouvements contemporains dans l'art, recherche et tout en realisament les perceptions adaptées, note constamment un developpement ascendant.

Dans sa force creatrice on remarque clairement deux visibles phases. La première, figurative, qui commence des sa sortie de l'Académie et dure jisqu'en 1967, et la deuxieme qui n'est pas figurative, dès lors jisqu'à present. Les oeuvres exposées sont de cette deuxieme phase.

Dans la première phase BEKIAROVSKI èlabore des têtes, des figures, des groupes figurants en argile, c'est a-dire en plâtre. Les formes et les mouvements sont larges, chalereux, rendus assez simples, fortement déformés dans les proportions et l'elaboration des surfaces de textures fortes ou des entaillures présipitées et profondes. Pour en venir a un pareil traitement, c'est probablement le matériel utilise qui a influé, mais plus que le matériel a influé le message que BEKIAROVSKI a voulu exprimé. Et son message c'est l'amertume, la crampe, le drame et le tragique qu'il porte en soi de l'Egée de son enfance. Profondement absorbés en lui même, ces contenus jaillissent par chacun de ses contacts avec l'argile, par chaque touche, forme, mouvement par chacune de ses vusions. Ils sont lui même.

кажал се што има да каже. Сака да ја надополни и рашири содржината. Тој има што да каже. Но, глината и гипсот не се соодветни за ваквите кажувања. Бара и наоѓа други изразни средства, нови материјали. Почнува да работи со железо, честопати комбинирано со дрво. Настапува неговата втора фаза. Иако материјалот и проседето се сосема различни, оваа фаза произлегува од претходната и е нејзин логичен развој. Затоа што НАСО БЕЌАРОВСКИ се развива и гледа. Гледа дека чемерот иако е негов прапочеток, иако е рана незалечена, тој не е и крај. И, линијата на грчот се издолжува, се дига, застанува простум во силни вертикали и станува отпор. Длабоките, болни зарези, раните се чистат и преминуваат во широки рамни и јаки површини. Раскинатите врски стануваат цврсто сврзани конструкции. Тагата, болката, трагиката го напуштаат предниот план и како сенка и патина ги придружуваат масивните форми. Останува драмата. Таа добива сосема други, потсилени димензии. Широки маси на светло и темно, на вертикали и хоризонтали, на мазни и груби текстури, на железо и дрво се̂ во постојани, силни контрасти и судири. Нивното сврзување во едноставни целини исфрлува во преден план нови квалитети: снага и монументалност, монументалност којашто во некои од последните скулптури добива епски карактер, со што, како контрапункт на егејскиот јад и бол, го завршува досегашниот опус на БЕЌАРОВСКИ.

Може да заклучиме дека НАСО БЕЌАРОВСКИ за своите содржини, за она што длабоко го носи во себе, за своите пораки, нашол наполно адекватни современи материјали, проседеи и решенија и создал скулптури едноставни, силни и сугестивни — скулптури со високи уметнички квалитети. Да посакаме така да продолжи.

Борко ЛАЗЕСКИ

Mais on dirait que NASO BEKIAROVSKI n'est pas content de soi, de ce qu'il dit par ces oeuvres. Il parait qu'il n'a pas dit tout ce qu'il a à dire. Il veut remplir et élargir le contenu. Il a que dire. Mais l'argile et le plâtre ne répondent pas à de pareilles expositions. Il cherche et trouve d'autres procédés d'expression, de nouveaux matériaux. Il commence de travailler avec le fer, souvent combiné avec du bois. C'est la pâriode de sa deuxieme phase. Quoique le matâriel et le procédé soient tout à fait divers, cette phase dérive de la précédente et elle est son dévelopement logique. Parceque NASO BEKIAROVSKI se perfectionne et il continue d'examiner. Il voit que l'amertume quoi qu'elle soit la base de son debut, quoi qu'elle soit une plaie incurable, elle n'est pas celle qui dit le dernier mot. Et aussi, la ligne de la crampe s'allonge, se soulève, s'arrête simplement en fortes verticales et devient une resistance. Les entaillures profondes et douloureuses, les plaies, se purgissent et se transforment en des surfaces planes et fortes. Les liaisons déchirées deviement des constructions fortement liées. La tristesse, la douleur, le tragique, quittent le premier plan et comme ombre et patine s'allient aux formes massives. Reste le drame. Il acquiert tout à fait autres, plus fortes dimensions. Des masses larges à la lumière et à l'obscurité, sur des textures verticales et horizontales, polies et rudes, sur fer et bois, se trouvent dans des permanentes contrastes et heurts. Leur liaison en simples unités fait sortir au premier plan des qualités nouvelles: une force et grandeur monumentale, grandeur monumentale qu'en quelques unes des dernières sculptures rečoit un caractère epique, par lequel comme contrepoids à la misère et la douleur égées, achève l'oeuvre de BEKIAROVSKI.

Nous pouvons conclure que NASO BEKIAROVSKI a trouvé de matériaux adéquates contemporains pour ses contenus, pour ce qu'il porte profondement en lui même, pour ses messages, procédés et resolutions et il a élaboré de sculptures simples, fortes et suggestives — sculptures de hautes qualités artistiques.

Louhaitons qu'il continue ainsi.

Borko LAZESKI

Роден 1938 во Желево, Егејска Македонија.
Дипломирал 1963 на Академијата за ликовни уметности во Белград.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1962. — Скопје;

1967. — Струмица.

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1960—63. — Белград, ,,Југословенска млада генерација";

1967. — Скопје, Нови Сад, ,,Современа македонска уметност — млада генерација"; Скопје, ,,Современа македонска скулптура"; Скопје, ,,Аспекти на цртежот во Македонија"; Струмица, ,,Струмичка ликовна колонија";

1969. — Скопје, ,,25 години на АСНОМ"; Ферара, (Италија), ,,Современа македонска уметност";

1970. — Скопје, ,,Моето сакано дело";

1971. — Белград, ,,Млада македонска генерација";

1972. — Струмица, ,,Струмичка ликовна колонија"; Скопје, ,,Тенденции во македонската скулптура"; Скопје, ,,Современи македонски скулптори" — избор од колекцијата ма МСУ;

Од 1966. — На сите изложби на ДЛУМ.

Извел пет бисти на паднатите борци во Кавадарци и биста на Антон Панов во Струмица.

Адреса: ул. Христијан Тодоровски Карпош 86-б, Скопје

Né en 1938 à Gélévo, Macedoine d'Egée.
Dîplomé en 1963 à l'Académie des Beaux Arts à Belgrade.

## EXPOSITIONS A LUI SEUL:

1962. — Skopjé;

1967. — Strumit a.

## EXPOSITIONS EN GRAUPS:

1960—63. — Belgrade, ,,Jeune génération Yougoslave";

1967. — Skopjé, Novi Sad, ,,Art macédonien contemparain — Jeune génération"; Skopjé, ,,Sculpture macédonienne contemparaine"; — Skopjé, ,,Aspects du dessins en Macédoine"; ,,Strumitsa, ,,Colonie des arts plastiques de Strumitsa";

1969. — Skopjé, ,,25 ans de l'ASNOM"; Ferrare, (Italie) ,,Art macédonien contemporain";

1970. — Skopjé, ,,Mon oevre préferée";

1971. — Belgrade, ,,Jeune génération macédonienne";

1972. — Strumitsa, ,,Colonie des arts plastiques de Strumitsa"; Skopjé, ,,Tendences dans la sculpture macédonienne"; Skopjé, ,,Sculpteuers, macédoniens contemporains" — Choix de la Collection de MSU.

De 1966 — A toutes les expositions de DLUM.

Auteur de 5 bustes des combatants péris a Kavadarci, et de la buste d' Anton Panov a Strumitsa.

Adrese: Krstian Todorovski Karpoš, 86-b, Skopje



„Музиката на непобедениот"



,,Крила на слободата''



,,Првата голема свеченост''



„Мета во виорот"



„Враќањето на Икар"

## КАТАЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Враќањето на Икар, 1967, дрво, | 43 × 99 × 25 см |
| 2. | Мина и четирите страни на светот, 1969, дрво-метал, | 57 × 48 × 32 см |
| 3. | Македонско деноноќие, 1969, метал-дрво, | 73 × 90 × 28 см |
| 4. | Инвазија, 1969, метал, | 73 × 65 × 23 см |
| 5. | Икар, 1970, дрво-метал, | 73 × 66 × 30 см |
| 6. | Вековен симбол, 1972, метал, | 130 × 60 × 34 см |
| 7. | Факел, 1972, метал-дрво, | 158 × 56 × 26 см |
| 8. | Изгрев, 1972, метал-дрво, | 98 × 98 × 40 см |
| 9. | Долго будење, 1973, метал-дрво, | 115 × 60 × 29 см |
| 10. | Визија и традиција, 1973, метал, | 150 × 70 × 35 см |
| 11. | Музиката на непобедениот, 1974, метал, | 135 × 63 × 50 см |
| 12. | Победник, 1974, метал, | 173 × 76 × 42 см |
| 13. | Точка на интересот, 1974, метал, | 66 × 60 × 31 см |
| 14. | Крила на слободата, 1974, метал, | 88 × 63 × 22 см |
| 15. | Мета во виорот, 1974, метал, | 66 × 40 × 37 см |
| 16. | Првата голема свеченост, 1974, метал, | 74 × 50 × 17 см |
| 17. | Орев и челуст, 1974, метал-дрво, | 74 × 60 × 28 см |
| 18. | Чувари на светлиот симбол, 1974, метал, | 80 × 32 × 13 см |
| 19. | Доаѓањето на светлиот ден, 1974, метал | 80 × 54 × 23 см |
| 20. | Во очекување на зората, 1974, метал-дрво, | 89 × 22 × 28 см |

## CATALOGUE

| | |
|---|---|
| 1. La Rentrée a 'Icare, 1967, bois, | 43 × 99 × 25 cm |
| 2. Une Mine et les quatre points Cardinaux, 1969, bois métal, | 57 × 48 × 32 cm |
| 3. Le Jour — Nuit Macédonien, 1969, métal bois, | 73 × 90 × 28 cm |
| 4. Invasion, 1969, métal, | 73 × 66 × 23 cm |
| 5. Icare, 1970, bois métal, | 73 × 66 × 30 cm |
| 6. Symbole Seculaire, 1972, métal, | 130 × 60 × 34 cm |
| 7. Flambeau, 1972, métal bois, | 158 × 56 × 26 cm |
| 8. Aube, 1972, métal-bois, | 98 × 98 × 40 cm |
| 9. Réveil prolangé, 1973, métal-bois, | 115 × 60 × 29 cm |
| 10. Vision et Tradition, 1973, métal, | 150 × 70 × 35 cm |
| 11. La Musique de l'Invincible, 1974, métal, | 135 × 63 × 50 cm |
| 12. Vainquer, 1974, métal, | 173 × 76 × 42 cm |
| 13. Point de l'Intérêt, 1974, métal, | 66 × 60 × 31 cm |
| 14. Ailes de la Liberté, 1974, métal, | 88 × 63 × 22 cm |
| 15. Cible dans le Tourbillon, 1974, métal, | 66 × 40 × 37 cm |
| 16. La première Grande Féte, 1974, métal, | 74 × 50 × 17 cm |
| 17. Noix et Gueule, 1974, métal bois, | 74 × 60 × 28 cm |
| 18. Gardiens Symbole Sacré, 1974, métal, | 80 × 32 × 13 cm |
| 19. L'Arrivée du Meilleur jour, 1974, métal, | 80 × 54 × 23 cm |
| 20. En attendant l'Aurore, 1974, métal-bois, | 89 × 22 × 28 cm |







# BEKIAROVSKI



